
Изглед на старата црква Св.Елена и Константин


Идејно решение за изгледот на новата црква Св.Елена и Константин

**Почитувани,**

ВМРО-ДПМНЕ, во својата програма на изборите во 2008 година јавно објави дека ако ја добие поддршката на граѓаните ќе изгради православен храм на Плоштадот Македонија во Скопје.
На овие избори, ВМРО-ДПМНЕ доби убедлива поддршка од граѓаните со приближно половина милион гласови, а со тоа и поддршка да изгради христијански храм на ова место со средства од буџетот.

Целосно разбирајќи го отпорот на СДСМ кон ова прашање, кое пред сè доаѓа од идеолошко-комунистички причини, како партија во чиј статут и денес стои дека е наследник на поранешната Комунистичка партија на Македонија, ВМРО-ДПМНЕ ја потсетува јавноста на неколку важни факти за ова прашање:

- Станува збор за возобновување на православниот храм Св. Константин и Елена, кој непотребно е срушен по земјотресот со одлука на тогашната режимска власт, која цели 45 години владееше без демократски избори и со репресивни мерки ги казнуваше неистомислениците;
- Поголемиот број главни и големи градови во Европа и светот имаат црква или катедрала на централниот плоштад (Брисел, Виена, Москва, Киев, Прага, Софија, Љубљана, Барселона, Венеција, ...);
- Критиките дека црквите и катедралите во другите главни градови се изградени многу одамна и во друго време не држат од најмалку две причини. Прво, Македонија со векови беше под ропство на други држави, царства и империи. Тие го сметаа Скопје за нивна провинција и многу малку инвестираа или градеа во Македонија, а многу повеќе ограбуваа и изнесуваа. Второ, плоштадот во Скопје е оформен дури на почетокот на 20. век, прилично доцна споредено со оформувањето на централните плоштади во другите главни градови, каде централните плоштади се формирале во 12., 15. или 18. век. Оттука, во тие времиња кога главно и се граделе верските храмови на централните плоштади, овој плоштад во Скопје, не бил формиран како таков;
- Проектот е во целост законски, ги помина сите законски фази, сите потребни одлуки и решенија на сите можни државни и општински органи, дури и Уставниот суд ја отфрли иницијативата за неуставност на урбанистичкиот план. Никаде во Уставот или законите нема експлицитна забрана за возобновување на цркви. Во општината Центар над 99 отсто од граѓаните се христијани, и природно беше советот на оваа општина да поддржи ваков проект;
- Се работи за објект кој ќе го разубави централниот плоштад во државата, ќе биде објект околу кој ќе се случуваат многу општествени и приватни настани, и секој турист кој ќе го посети Скопје, нема да пропушти можност за фотографирање пред оваа црква. Оваа црква ќе стане дел од препознатливоста и симбол на Скопје и Македонија, ќе стане дел од секоја разгледница или книга за Скопје, ќе стане наша гордост;
- Именуваната црква е срушена од страна на државата, по земјотресот, иако според кажувања на стручни лица немало никаква потреба за рушење на истата (како и за други стари објекти во центарот на Скопје). Ако државата ја срушила, останува обврската и државата да ја возобнови;
- Изградбата на црквата не е акт против граѓаните на Република Македонија од друга вероисповед, исто како што и градењето џамии или синагоги не е акт против некоја друга вера;
- Владата, но и други претходни влади досега финансираа во повеќе наврати верски објекти или заедници. На тој начин се направи Милениумскиот крст на Водно, Светиклиментовата црква на Плаошник, помогнати се стотици изградби на цркви, манастири и џамии во Република Македонија. Владата повремено дава финансиска поддршка на манастирите, црквите и џамиите за нивно опстојување и одржување.
- МПЦ застана зад овој проект, а ниту една друга верска заедница не е против.



ФОТОГРАФИЈА ОД ПЛОШТАДОТ ВО КРАКОВ, ПОЛСКА



ФОТОГРАФИЈА ОД ПЛОШТАДОТ ДЕЛ ПОПОЛО ВО РИМ, ИТАЛИЈА



ФОТОГРАФИЈА ОД ПЛОШТАДОТ ВО МОСКВА, РУСИЈА

# ЦРКВИ И КАТЕДРАЛИ НА ПЛОШТАДИ ВО ПОЗНАТИ ЕВРОПСКИ ГРАДОВИ



ФОТОГРАФИЈА ОД ПЛОШТАДОТ ВО ПРАГА, ЧЕШКА



ФОТОГРАФИЈА ОД ПЛОШТАДОТ ВО БРИСЕЛ, БЕЛГИЈА



ФОТОГРАФИЈА ОД ПЛОШТАДОТ ВО ХЕЛСИНКИ, ФИНСКА



ФОТОГРАФИЈА ОД ПЛОШТАДОТ СВ.МАРКО, ВЕНЕЦИЈА, ИТАЛИЈА



ФОТОГРАФИЈА ОД ПЛОШТАДОТ ВО КЕЛН, ГЕРМАНИЈА

1893 - 1990
ВМРО-ДПМНЕ